GfK Skopje

# Press Release

Датум
17 Мај, 2010

Боге Божиновски
Тел +389 (2) 3126-001
Факс + 389 (2) 3133-980
boge.bozinovski@gfk.com.mk

## За користењето на автомобил

**Резултати од омнибус истражувањата на GfK Skopje**

**Преку 40% од возачите на автомобил не го намалиле користењето на автомобил поради поскапувањето на цената на нафтените деривати, додека за повеќето од половината потенцијални купувачи на автомобил поскапувањето има влијание во нивното размислување за тоа каков автомобил да купат.**

### За користењето на автомобил

*П: Дали вие лично возите автомобил?*




44% од населението во државата вози автомобил. Мажите (63%) возат значително повеќе отколку жените (26%). Најголем процент на граѓани кои возат има на возраст помеѓу 35 и 44 години (62%), а најмалку возат лицата постари од 65 години (18%).

GfK Skopje
Водњанска 50
1000 Скопје
Р.Македонија

Тел +389 (2) -001
Факс + 389 (2) 3133-980
www.gfk.com
info.macedonia@gfk.com.mk

Управител
Весна Кузмановиќ

*П: Кој ги покрива трошоците за автомобилот кој го возите?**




*на ова и следното прашање одговораат само испитаниците кои возат автомобил

Повеќе од две третини (69%) од граѓаните кои возат автомобил сами си ги покриваат трошоците за автомобилот. Помеѓу мажите овој процент изнесува 80%, додека кај жените тој изнесува 42%. Кај најмладите (18-24 години) во најголем процент трошоците ги сноси друго лице (76%).

*П: Дали и како растот на цената на нафтените деривати влијаеше на тоа колку често го користите личниот автомобил во секојдневниот превоз?*

За најголем процент на граѓани кои возат автомобил (42%), порастот на цената на нафтените деривати не влијае за тоа колку често го користат личниот автомобил, додека 36% изјавиле дека го користат поретко автомобилот како резултат на поскапувањето на бензинот. Овој процент е значително повисок (50%) кај граѓаните со **пониски семејни вкупни месечни приходи** (до 24000 МКД), додека кај оние со повисоки семејни приходи (48000+ МКД) овој процент изнесува 15%.

*П: Дали планирате да купите автомобил во текот на оваа година?*

12% од граѓаните размислуваат да купат автомобил оваа година. За 59% од потенцијалните купувачи поскапувањето на бензинот има влијание во нивното размислување во насока на купување на автомобил со помала потрошувачка на бензин, додека за една третина од нив (33%), поскапувањето на бензинот не влијае врз нивните размислувања за купување на автомобил.

**За истражувањето**

Истражувањето беше спроведено во текот на Април, 2010 на репрезентативен примерок од 1000 испитаници на возраст 15+ години

**За GfK Skopje**

GfK Skopje беше основана во 2000 година како STRATUM Research и претставува првата македонска компанија која дава услуги од областа на истражување на пазарот, како и информации и анализа за производите и услугите наменети за консументи. Во 2007 година станува дел од ГфК Групацијата.

Вработените во ГфК Скопје се искусни експерти од областа на психолигија, социологија, економија, статистика и други области.

Има мрежа од повеќе од 250 интревјуери во Македонија и околу 100 интервјуери во Косово, 5 супервизори во Македонија и 3 супервизори на Косово.

Има 20 работни единици достапни за телефонски анкети со помош на компјутер (CATI) центарот во Скопје, 30 обучени интервјуери за телефонски анкети и современо опремено студио за фокус групи.